| | |
|---|---|
| **Неделна тема** | Патување низ вселената |
| **Содржина на денот** | Што е внатре, а што надвор |
| **Возраст** | 4 - 6 години |
| **Воспитувач** | Благица Чаневска |
| | **Дневни активности** |
| **Здрави и безбедни навики** | Разговор и потсетување на децата за држење на растојание во текот на игрите и дружењето. |
| **Активност** | Започнете разговор со детето каде се наоѓате вие во моментот,а каде би можеле да отидете (се надевам одговорот ќе биде во соба,стан а ќе отидеме надвор). Со тоа би ја започнале активнста за усвојување на поимите внатре-надвор. Понудете му на детето играчки овошје и зеленчук. Откако ќе ги разгледа зададете му задача да го стави овошјето во корпата, со тоа зеленчукот ќе биде надвор, а овошјето внатре во корпата (слика 1, 2 и 3) .Понудете му повеќе примери за внатре надвор импровизирани со играчките или предметите што ги имате дома (слика 4, 5 и 6). Може да продолжите со објаснување на местото на елементите внатре и надвор од множеството со помош на играчки или логички плочки (слика7 ,8 и 9). Зададете му задача на детето да нацрта логички плочки внатре и надвор од множеството (слика 10 и 11). Откако ќе ја заврши задачата излезете надвор и уживајте го денот со прошетка. |